Дневник билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден дневните настани 23.02.2023

Денеска (23.02.2023) во 08.00 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода М.Т.(42) од Струмица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела грутеста материја, таблети и дигитална вага. Тој бил задржан во Полициска станица Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (23.02.2023) во 08.15 часот на бул.„Никола Карев" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрагри при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(19) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Против ќе биде предадено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 22.02.2023 во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, по преземени мерки и активности, ги лишиле од слобода А.М.(23), С.М.(26), М.Ј.(31), Ф.М(44) и Г.М.(34), сите од Битола. Тие се сомничени дека во периодот од 19.02. до 22.02.2023 извршиле три тешки кражби, од кои две во хидроцентралата Сапунчица во с.Дихово, битолско, и една во објект на Дирекцијата за водостопанство – Битола, во круговт на старата касарна во Битола, при што оделе повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопствениците, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (23.02.2023) во 02.00 часот, полициски службеници од Полициска станица Прилеп го лишиле од слобода Е.А.(34) од Прилеп. Тој бил фатен при извршување тешка кражба во подрумски простории во куќа на ул.„Рајко Жинзифов" во Прилеп и кај него биле пронајдени одземените предмети, како и предмети со кои го извршил делото. Одземеното било вратено на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.02.2023 во 23.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеишката материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2023 во 13.50 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.А.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2023 во 23.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(32) од Гевгелија, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2023 во 23.35 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2023 во 20.50 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Б.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2023 околу 22.15 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 20-годишниот Р.Н. затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот на Р.Н. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (22.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 313 возачи. Од нив 18 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 211 возила ја пречекорило брзината во населено место, а 102 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 306 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 154 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за непочитување на правилата на минување. Изречени се осум мерки за користење телефон додека се возе, шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет мерки за некористење сигурносен појас...

На 22.02.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 8 во населено место и 8 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 2 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 6 за некорисно сигурносен појас, 1 за непропосно престигнување, 2 за недавање правенство на пешаци и 1 за непропосно паркирање.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (22.02.2023) од 09.00 до 15.00 часот спровеле две сообраќајно-контролни активности за правенство на минување и за техничка исправност на возилата кои вршат јавен превоз на патници. При контролата биле откриени и санкционирани 16 возачи (ТЕ-11 и ГВ-5) кои непочитувале правенство на минување на пат означен со соодветен сообраќаен знак за правенство, како и 10 други видови прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-2). Покрај ова, санкционирани, иако, биле и 2 возачи (ГВ) кои управувале возила со неизвршен технички преглед и 1 (ТЕ) за друг вид прекршок. На сите прекршители изготвени им се предвидените поднесоци и ќе се соочат со парични гломи согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 22.02.2023 во 20.40 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ф.С.(45) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2023 во 22.47 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола-Прилеп, автобус „фолксваген крафтер" со битолски регистарски ознаки, управуван од М.А.(50) од Битола, излетал од коловозот. Е.Г.(38) од с.Лопатица, тука, биле и 2 возачи (ГВ) кои управувале возила со неизвршен технички преглед и 1 (ТЕ) за друг вид прекршок. На сите прекршители изготвени им се предвидените поднесоци и ќе се соочат со парични гломи согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 22.02.2023 во 20.40 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ф.С.(45) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2023 во 22.47 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола-Прилеп, автобус „фолксваген крафтер" со битолски регистарски ознаки, управуван од М.А.(50) од Битола, излетал од коловозот. Е.Г.(38) од с.Лопатица, тука, биле и 2 возачи (ГВ) кои управувале возила со неизвршен технички преглед и 1 (ТЕ) за друг вид прекршок. На сите прекршители изготвени им се предвидените поднесоци и ќе се соочат со парични гломи согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 22.02.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Горче Петров" во Скопје, патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.А.(38) од с.Глувово, скопско, ударило во З.Б.(53) од Скопје. Во несреќата повредени се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.02.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Аеродром, Л.К.(61) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

Денеска (23.02.2023) во 10.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.И.(35) од Куманово. Тој се сомничи дека утрото влегол во приватен имот на улица „Моша Пијаде" и одзел повеќе предмети. Украдените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.03.2023 во Полициското одделение Шуто Оризари, во присуство на родител, бил извршен службен разговор со малолетник од Скопје. Тој се сомничи дека на 20.02.2023 со уметрда на сила влегол во две куќи на улица „Индира Ганди", при што одзел повеќе предмети, а на 21/22.02.2023 во периодот од 16.00 часот до 08.00 часот со уметрда на сила влегол во продавен објект и одзел повеќе предмети. По целосно документирање на случаите ќе биде поднесена соодветна пријава

На 22.02.2023 од 14.30 до 15.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Ј.С.(22) и Ф.С.(19) од Гостивар и Ц.З.(24) од Гостиварска Горна Бањица, поради сомнение дека извршиле „пустошење на шума" во месноста „Бунар", атар на Горна Бањица, каде биле пресечени поголем број стебла. Ј.С. бил фатен на лице место, а Ф.С. и Ц.З. биле лишени од слобода во непосредна близина на местото. Тројата се задржани за расчистување и документирање на случајот, а пронајдените дрва и возилото се предадени на ЈП Национални шуми-Шумско стопанство „Шар" од Гостивар.

На 22/23.02.2023 во периодот од 23.40 до 01.00 часот, врз основа судска наредба, полициски службеници од ОВР Прилеп извршиле претрес во објект на ул.„Борка Левата", сопственост на Б.С.(36) од Прилеп, а кој под наем го користи И.Л.(39) од Прилеп. При претресот, во објектот биле затекнати девет лица, од кои три играле комар и кај инв биле пронајдени и одземени пари, карти и другите предмети. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 22.02.2023 во СВР Битола, во присуство на родители и претставници од Центарот за социјални работи Битола, бил извршен службен разговор со давајка 15-годишнинка од Битола. Тие, на 22.03.2023 во двор на средно училиште во Битола го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, а настанот бил снимен и споделен на социјалните мрежи. За случајот бил известен Јавен обвинител и по негово целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.А.(49) и Ф.А.(76), давајата од кичевското село Туин, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрсувачки материи". При претрес во нивниот дом, извршен по судска наредба, полициски службеници пронашле и одзеле пиштол „Цревна застава" и шест куршуми калибар 7,62 милиметри што нелегално ги поседувале.

Во текот на вчерашниот ден (22.02.2023) во периодот од 09.00 до 13.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возила кои не даваат правенство на минување на крстосница на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 57 возачи. Од нив, 16 на територијата на СВР Тетово, 11 на територија на СВР Скопје... При контролата санкционирани се и 133 други прекршоци.

На 22.02.2023 во 09.00 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека во Здравствен дом „Нада Михајлова" во Пробиштип со тешки телесни повреди бил донесен Д.С.(33) од с.Злетово, пробиштипско. Според пријавата, тој од здобиел со повредите при извршување работни задачи во рудник во Пробиштип. Увид бил извршен, а за случајот бил известен и трудов инспектор.

На 22.02.2023 во 15.20 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.З.(40) од Скопје, затоа што се заканувал со пиштол на Ш.Ф.(60) од Скопје и други лица. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.02.2023 во 13.25 часот во СВР Тетово, 63-годишниот тетовец Р.Р. пријавил дека на улица „Благој Тоска" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, 76-годишен жител на Скопје пријавил дека околу 11.00 часот на подрачјето на Центар, по претходни навредувања, бил физички нападнат од неговиот роднина Р.Г.(61) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.З. од село Балинцол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Предметот, подолг период извршил узурпација на деловен простор, сопственост на ЈП за железничка инфраструктура Гостивар и пред влез на станбена зграда, без дозвола поставил угостителска опрема, попречувајќи го влезот во чекалилната на Железничката станица. Исто така, складирал и отпаѓал дрвен материјал, а оградил и простор за кој имал склучено устен договор со директорот на Железничка станица Гостивар, на кој месечно му плаќал кирија.

На 22.02.2023 во 12.40 часот во Полициската станица Аеродром, С.Г.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Аеродром била физички нападната од нејзина малолетна соседка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.02.2023 во 17.40 часот во СВР Скопје, С.А.(25) од Скопје пријавила дека околу 16.50 часот во населбата Хиподром, поради меѓусебно нетрпение, била физички нападнатата од Ф.М.-женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.Д.(24) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на опата опасност". На 31.12.2022 во авто-лакерска работилница, сопственост на А.Б., по претходна расправија со него и со Ѓ.П., пријавениот со тврд предмет ги скршил прозорските стакла од работилницата, а потоа предизвикал пожар во возилото на А.Б..

На 22.02.2023 во 22.24 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во работилница на приватна фирма на ул.„1506" во Скопје, сопственост на И.И.(52) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на бригадата за противпожарна заштита Скопје. Поведени лица нема, а увид извршила екипа на СВР Скопје.

На 22.02.2023, И.С.(20) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Тане Цалески" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ц.(44) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 04.10.2022, пријавениот бил затекнат како управува товарно возило со регистарски таблички кои биле издадени за друго товарно возило.

На 22.02.2023 во 19.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, И.Е.(48) од Скопје пријавила дека домот се оддалечила Е.Р.(14), која и е доделена од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Скопје на чување како згрижувач, а која и претходно го напуштила домот и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Т.И.(28), U.U.(28), С.U.(23), U.X.(30), Р.С.(22), J.A.(45), М.Р.(26), А.Б.(22), И.Р.(47), Ш.Х.(49) и Б.Р.(17), сите од Гостивар и М.Х.(42) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 01.01.2023 во угостителски објект на улица „Илинденска" во Гостивар, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, при што биле уништени и тврди предмети, а при интервенција давајќа полициски службеници се здобиле со повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.Ц.(60) од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување или оштетување јавни инсталации". На 26.12.2022 на ул.„Св. Јоаким Осоговски" во Крива Паланка, при исход на шахта со рачна работна машина ја оштетил подземната инсталација за јавна употреба на енергија, сопственост на ЕВН Македонија АД Скопје, со што ставил вон употреба 14 дистрибутивни трафостаници за струја, односно без енергија оставил повеќе витални објекти, како и поголем дел од населението на Крива Паланка на подолг временски период.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mvr.gov.mk
Изработено од Unet